## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став 1 точка 6, а во врска со член 19 став 1 точка 1 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12 и 43/14), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

**О Д Л У К А**
**за дополнување на**
**Одлуката за благајничките записи**

1. Во Одлуката за благајничките записи („Службен весник на Република Македонија" бр. 166/13), во точка 14, се додава нов став 4, кој гласи:

„Во случај на тендер со износи и при утврден ограничен износ на благајнички записи, банката е должна на крајот на денот на одржување на аукцијата на благајнички записи на сметката кај Народната банка да располага со средства најмалку во висина на задолжителната резерва во денари."

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 11 март 2015 година.

**О. бр. 02-15/II-3/2015**
**26 февруари 2015 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Македонија**
**Димитар Богов**